Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 10. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4811 | 1 | |

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4788/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

во 15:21

**ПРЕДЛОГ**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4788/1 од 07.10.2016 година, за програмата емитувана во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик(кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4788/1 од 07.10.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 75-б од Изборниот законик.

**Образложение**

До Привремената комисија за следење на медиумското претставување на 07.10.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4788/1 од 07.10.2016 година, емитуван во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје бр.10-4788/1 од 07.10.2016 година, емитуван во периодот од 22 септември до 1 октомври 2016 година, Привремената комисија за следење на медиумското претставување констатираше дека согласно наведениот член 75 - б од Изборниот законик „известувањето за работата на државните органи, органи на општини и на град Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања ... не смее да биде во функција на изборно претставување". Во програмата на овој радиодифузер во мониторираниот период се забележани по овој законски основ 6 прекршувања.

Така, во Обсервер на Нова во 19 часот на 22 септември емитуван е прилог под наслов „Тема: Груевски: Над 2.500 лекари заминале на обука во странство", кој е тековен владин проект. Во истата емисија е емитуван прилог „Тема: Промовирани 25 преведени книги" каде министерката за култура Елизабета Канчевска Милевска заедно со претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ промовира наслови од книги во Музејот на Македонската Борба.

Во Обсервер на Нова емитуван во 19 часот на 25 септември емитуван е прилог „Изградба на спортска сала во ОУ „Св. Кирил и Методиј" кога претседателот на партијата отвора спортска сала во присуство на заменикот министер за образование Спиро Ристовски, а проектот е претставен како исполнување на партиско ветување.

Во Обсервер на Нова од 19 часот на 29 септември емитуван е прилог „Груевски: Просечната пензија е зголемена за 70 отсто", каде претседател на партија говори за исполнување на владини ветувања. Во прилогот Груевски го поменува како успешен и владиниот проект за бесплатен превоз за младите.

Во Обсервер на Нова од 19 часот на 30 септември е емитуван прилог „Изградбата на експресниот пат Велес – Штип при крај". Претседателот на партијата ВМРО ДПМНЕ прави увид во текот на градежните работи, а претставници на централната и локална власт му даваат рапорт за текот на работите.

Во Обсервер на Нова од 19 часот на 1 октомври емитуван е прилог „Се решава станбеното прашање на припадници на АРМ" кој е владин проект. Претседателот на ВМРО ДПМНЕ го претставува како исполнување на партиски ветувања.

Врз основа на претходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се поведе прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири _______________
2. Љубомир Костовски _______________
3. Горан Трпеноски _______________